**PRAZEPAM / ПРАЗЕПАМ**
**(prazepam)**

таблети од 10 mg

**Пред употребата на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- *Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно*
- *Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт*
- *Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да им го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури ако нивните симптоми се исти како Вашите*

*Активна супстанца* во ПРАЗЕПАМ таблетите е празепам.
Една таблета содржи 10 mg празепам.

*Помошни супстанци во таблетите*: микрокристална целулоза, лактоза монохидрат, кроскармелоза натриум, коповидон, магнезиум стеарат, боја Е 132.

*Пакувања:*

*Број и датум на решението за промет*

Кутија со 20 таблети од 10 mg (2 блистера).

**Име и адреса на производителот и носител на одобрение за ставање во промет:**
АД ЈАКА 80 Радовиш
Производна локација: Првомајска б.б. Скопје
Република Македонија

**1. Што претставува лекот ПРАЗЕПАМ и за што се употребува**

Празепамот спаѓа во групата на бензодијазепини со долготрајно дејство. Тој има анксиолитичко, хипнотичко, седативно, миорелаксантно и антиконвулзивно дејство.
Основното дејство на празепамот е анксиолитичкото дејство - сузбивање на психичката напнатост без предизвикување на сонливост. Празепамот ја нормализира афективната реактивност, физичката и психичката напнатост, несоницата, го намалува стравот, а не влијае на менталните функции, односно не ги нарушува процесите на перцепција и мислење. Празепамот предизвикува блага релаксација на скелетните мускули.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Тој исто така се користи и за третман на апстиненцијален синдром кој се јавува во тек на лекување на зависност од алкохол.

**2. Што треба да знаете пред да го земете лекот ПРАЗЕПАМ**

**Немојте да го земате лекот ПРАЗЕПАМ:**

- ако сте алергични на празепам или други бензодијазепини или на било која од состојките наведени во ова упатство,
- ако имате покачен очен притисок (тесноаголен глауком),
- ако имате тешка респираторна инсуфициенција.

**Бидете посебно внимателни со лекот ПРАЗЕПАМ:**

- ако имате респираторни заболувања,
- ако имате оштетување на црниот дроб,
- ако имате оштетување на бубрезите,
- ако постои анксиозна состојба проследена со депресија,
- ако имате мијастенија гравис,
- треба да избегнувате земање на барбитурати и други депресори на ЦНС кога примате празепам,
- ако земате други лекови (погледнете во поглавието **Земање на други лекови**).

Празепамот треба претпазливо да се дава кај стари, изнемоштени лица. Кај пациенти коишто примаат прекумерни дози во подолг временски период може да се појави физичка зависност од празепам. Прекинувањето на терапијата со празепам треба да биде постепено, со редуцирање на дозата, посебно кај оние пациенти кои го употребувале лекот во подолг временски период бидејќи наглото прекинување на терапијата може да доведе до појава на апстиненцијални симптоми.

Ве молиме да се посоветувате со доктор и тогаш кога горенаведените укажувања се однесувале на Вас било кога во минатото.

**Земање на лекот со храна или со пијалок**

Лекот може да се зема со или без храна.
Треба да се избегнува конзумирање алкохол додека го земате овој лек.

**Бременост и доење**

*Советувајте се со Вашиот доктор или фармацевт пред да земете било каков лек.*

Не се препорачува употреба на празепам во текот на бременоста. Тој може да се употребува само во случаи кога потенцијалната корист за мајката го надминува потенцијалниот ризик за фетусот.
Празепамот не треба да се дава за време на доењето ако тоа не е неопходно. Ако лекот мора да се даде, потребно е доењето да се прекине.

**Влијание врз способноста за возење на автомобил или ракување со машини**
Празепам може да предизвика сонливост и во таков случај не треба да возите или да ракувате со машини.

**Земање на други лекови (на што треба да се внимава ако употребувате други лекови)**
*Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт ако земате, или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.*
*Ве молиме да имате во предвид дека овие укажувања можат да се однесуваат и на оние препарати кои што сте ги земале во минатото или ќе ги земате во иднина.*

Треба да се избегнува истовремена употреба на празепам со:

- антихистаминици,
- седативи,
- хипнотици,
- општи анестетици

заради појава на сонливост или респираторна и кардиоваскуларна депресија.
Поголеми дози на празепам можат да го потенцираат дејството на аналгетиците и седативите.

**3. Како да се зема лекот**
*Строго придржувајте се кон упатствата на докторот. Дозите не смеете да ги менувате или лекувањето да го прекинувате без да се посоветувате со доктор.*
Дозирањето е индивидуално. Вообичаена доза за третман на анксиозност е 20-30 mg (2-3 таблети) дневно како поединечна доза навечер, или во поделени дози. Кај потешки состојби празепам може да се дава до 60 mg (6 таблети) дневно.
За третман на апстиненцијален синдром кој се јавува во тек на лекување на зависност од алкохол се препорачува доза од 10 до 20 mg (1-2 таблети), 3 до 4 пати на ден.
Кај постари и изнемоштени пациенти, третманот треба да започне со дневна доза од 10-15 mg (1- 1 ½ таблети).
Празепамот може да го примаат само возрасни над 18 години.

*Следете ги инструкциите освен ако Вашиот доктор не ви препорачал поинаку.*

*Не заборавајте да го земете лекот.*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО * СКОПЈЕ

*Ако имате впечаток дека ефектот на лекот е премногу силен или премногу слаб, посоветувајте се со Вашиот доктор или фармацевт.*

**Ако сте земале поголема доза од лекот отколку што треба (предозирање):**
*Ако сте земале/употребиле поголема доза од лекот отколку што треба веднаш треба да се посоветувате со Вашиот доктор или фармацевт.*

Во случај на предозирање може да се појави сонливост, збунетост, кома, респираторна и кардиоваскуларна депресија, смалување на крвниот притисок. Во случај на предозирање со празепам треба да се побара лекарска помош.

**Ако сте заборавиле да го земете лекот ПРАЗЕПАМ:**
*Земете ја пропуштената доза колку што е можно побрзо.*
*Ако е речиси дојдено времето за земање на следната доза, почекајте додека да дојде времето за истата и земете ја, а прескокнете ја пропуштената доза.*
*Немојте да земате две дози во исто време.*

**4. Можни несакани дејства**
*Како и сите лекови, ПРАЗЕПАМ може да има несакани дејства.*

*Ако се случи било што од долунаведеното, веднаш престанете со земањето на лекот и за истото веднаш известете го Вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*
- отекување на раце, стапала, лице, усни или грло што може да предизвика тешкотии при голтање или дишиње,
- исип/егзантема.

Сите овие се многу сериозни несакани дејства. Ако се појават кај Вас, тоа покажува многу сериозна алергиска реакција на лекот. Во таков случај Ви е потребна итна медицинска помош или хоспитализација.

Сите овие многу сериозни несакани дејства се многу ретки.

*Ако забележите некои од следниве симптоми, веднаш известете го вашиот доктор или одете во ургентното одделение во најблиската болница:*
- депресија,
- дезориентација,
- збунетост,
- рамнодушност и незаинтересираност,
- недостаток на координација на мускулните движења

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Сите овие се сериозни несакани дејства, за кои е потребна итна медицинска помош.

Сериозните несакани дејства се ретки.

*Известете го Вашиот доктор ако забележите:*

- сонливост и зголемена седација,
- главоболка,
- вртоглавица,
- малаксалост,
- отежнат говор,
- сува уста,
- стомачни проблеми,
- срцебиење,
- треперење на некоја група на мускули.

Сите овие се слаби несакани дејства.

*Ако забележите било какви несакани дејства кои не се споменати во ова упатство, Ве молиме да го информирате Вашиот доктор или фармацевт.*

**5. Чување на лекот**

Да се чува на температура до 25° C, заштитено од светлина.

**ЛЕКОТ ДА СЕ ЧУВА НА МЕСТА НЕДОСТАПНИ ЗА ДЕЦА!**

**Рок на употреба**

*Лекот не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на кутијата и на блистерот.*

**Начин на издавање на лекот**

Лекот се издава само врз основа на рецепт.

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**

*Внатрешното упатство е одобрено на ............................*

Скопје, февруари, 2008 г.

